**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (во понатамошниот текст: МКТ/Друштвото) и предлогот на Одборот на директори за продажба на три административни згради и купување на нова Административна зграда (Одлука за одобрување на продажбата на три административни згради и купување на нова Административна зграда 20/2011, арх. бр. 106898/1 од 22.03.2011 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на 14.04.2011 година, ја усвои следната

# Предлог Одлука
## за продажба на три административни згради на Друштвото и купување на нова Административна зграда

### Член 1

Собранието на Друштвото ја усвојува Одлуката за продажба на три административни згради на МКТ и купување на нова Административна зграда во Скопје, како што е предложено од страна на Одборот на директори на Друштвото.

Трите административни згради на МКТ се продаваат на Инвеститорот Дивелоп Груп дооел Скопје, како што следува:

1. Нова Дирекција на МКТ (наречена „Јадран“) за износ од 9.400.000 евра (девет милиони и четиристотини илјади евра), без ДДВ;
2. („стара“) Дирекција на МКТ за износ од 3.700.000 евра (три милиони и седумстотини илјади евра), без ДДВ; и
3. Зграда „Алмако“ за износ од 4.100.000 евра (четири милиони и сто илјади евра), без ДДВ.

Новата Административна зграда на Кеј 13 Ноември во Скопје, којашто се состои од две градежни целини, се купува на принципот клуч на рака, за износ од 37.300.000 евра (триесет и седум милиони и триста илјади евра), заедно со Т-Мобиле Македонија (ТММК), како Друштво во единствена сопственост на МКТ, од истиот Инвеститор Дивелоп Груп дооел Скопје за возврат, како поврзана трансакција со продажбата на трите административни згради и имајќи предвид дека во согласност со Статутот тоа претставува измена на структурата на имотот на МКТ каде сметководствената вредност надминува 10% од нето вредноста на имотот на Друштвото утврдена во последните финансиски извештаи.

МКТ и ТММК ќе стекнат сосопственост на новата Административна зграда на нивно име, во согласност со нивното соодветно учество во вкупните средства што ќе се инвестираат во оваа поврзана трансакција.

МКТ ќе ја плати разликата од 16.600.000 евра (шеснаесет милиони и шестотини илјади евра), без ДДВ (т.е. разликата помеѓу куповната цена на новата Административна зграда од 37.300.000 евра (триесет

и седум милиони и триста илјади евра) и продажната цена на три згради на МКТ и Дирекцијата на ТММК од 20.700.000 евра (дваесет милиони и седумстотини илјади евра)) на 6 еднакви годишни рати.
Првата исплата треба да се изврши по стекнувањето на сосопственост врз новата Административна зграда од страна на МКТ и ТММК.
По добивањето на имотната документација, плаќањето на горенаведениот износ на разликата ќе се изврши од страна на МКТ на 6 еднакви годишни рати во денарска противвредност пресметана по средниот курс на Народната банка на Република Македонија важечки на датумот на плаќањето.

**Член 2**

Писмото за намери и договорот(-ите) поврзани со продажбата и купувањето на горенаведените згради со Инвеститорот, како што е наведено во член 1 од оваа Одлука, ќе ги потпишат Главниот извршен директор и Главниот директор за финансии на Друштвото во согласност со Одлуката на Одборот на директори 20/2011 за одобрување на продажбата на три административни згради и купување на нова Административна зграда, од 22.03.2011 година, и законските и интерните регулативи.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното усвојување.

**Собрание**
**Претседавач**

Преведено од Лингва Експерт